Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 22.01.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojca Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 5 | 1 | |

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 19-455/3
29.12.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4 седница одржана на 23.11.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Англиски јазик и литература прв циклус студии на англиски јазик на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма **Англиски јазик и литература прв циклус студии на англиски јазик Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Професор по англиски јазик и литература**
Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки, Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Лингвистика, наука за книжевноста и образование
Научно – истражувачко област: Повеке области од наведените полиња

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **четири** (I циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за јазици, култури и комуникации, прв циклус студиските програми „Англиски јазик и литература“, на 01.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 4 седница одржана на 23.11.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски